м-р Драган  Георгиевски

# САAТ КУЛА
# ВО КРАТОВО



**Издавач**:

Општинска установа Музеј на град Кратово- Кратово

**Главен и одговорен уредник:**

м-р Драган Георгиевски – Директор

**Автор на текстот:**

м-р Георгиевски Драган - етнолог кустос – советник

**Превод на англиски:**

Лиде Стојановска

**Печати**:

2-ри Август Штип

**Тираж**:

100 примероци

## СРЕДНОВЕКОВНИ КУЛИ ВО КРАТОВО

Средновековните кратовски кули претставуваат најпрепознатливите симболи на градот Кратово. Овие високи и импозантни камени кули му даваат на градот средновековен лик. Безимените архитектонски градители на кулите им дале едноставни и мирни решенија со монументален изглед како по комбинација на масата, така и по композицијата на употребениот и вградениот материјал од камен, малтер и тула. Во Кратово некогаш имало дванаесет кули и тоа пет на десната и седум на левата страна од Табачка река. Во 1680 година, според податоците во извештајот што ги дава католичкиот надбискуп од Скопје - Петар Богдани, имало осум цврсти кули, а покрај нив постоеле уште четири кои уште пред да го посети Кратово биле срушени. Во 1914 година имало седум, денес постојат шест камени кули: Златкова (Асанова), Симиќева, Крстева, Саат кула и Еминбегова (Среска) кои се целосни и Хаџикостева кула која е срушена и е во рушевина). Другите кули кои денеска не постојат се нарекувале: Краличината (Шута кула), Јузбашиска, Музева, Мангова, Спаиска (Цекова), Досева и Зафирова. Сите кули се ѕидани од полуклесан камен и малтер, а клесан камен е употребуван за кошињата, врата, прозори и внатрешните степениците. Тие се на три или четири ката и вообичаено горните катови служеле за живеење, но и за одбрана. Тука се наоѓаат убави и широки камини за оган и вообичаено на последниот кат имало по еден балкон. Прозорците имаат железни решетки изработени од ковано железо и анкерувани во камениот ѕид. Покривите се од камени плочи над кои се извишуваат убаво изведени оџаци од клесан камен. Јордан Иванов го дава мислењето дека кулите се градени во времето на најголемиот процут на рударството односно во време на владеењето на српскиот владетел Костадин Дејановиќ пред да дојдат Турците на овие простори.



Сл.1 Кратово - снимено во 1910 година од кратовскиот фотограф Никола Зафировски

**Општи податоци за културното добро**

1. **Назив**
   САAT КУЛА, во минатото се нарекувала БЕГОВСКА КУЛА - Кратово
2. **Единствен матичен број**
   4-814-013/036 Р НД
3. **Класификација**
   Недвижно културно наследство, одбранбен станбен објект – кула
   шифра според НККН: 1.1.3.1.5
4. **Локација**
   Општина Кратово, во централно градско подрачје, периферен дел на Царина Маала ул. „Браќа Миладинови“ бб.
5. **Површина**
   Површина на Саат Кула – Бидејќи основата на кулата е близу до таа на правоаголна форма и низ целата своја височина има димензии од 8,40 х 7,70 м површината изнесува 64,68 $м^2$ на границите на доброто 16,32 $м^2$ на контактната зона 329 м. Површината на целото заштитено подрачје – 410 $м^2$.
6. **Функција**
   Изворна функција – одбранбено-станбена кула
   Дополнителна функција – Саат кула

Сегашна функција – изложбен простор - постојана историска поставка ,,Кратово низ вековите“ од авторот д-р Зоран Тодоровски.

7. **Катастарски податоци**

Во границите на доброто-КО Кратово КП 630

8. **Датирање**

Втора половина на XIV век – градена во време на Константин Дејанов.

9. **Топографски податоци**

X= 42⁰04՚44՚՚N

Y = 22⁰10՚54՚՚E

10. **Управување**

Саат кула е во државна сопственост

Надлежност во управувањето има општина Кратово, како и Општинската установа Музеј на град Кратово, каде со одлука на влада со број 19-5269/1 од 28.10.2008 година е дадена на 10 годишно користење на ОУ Музеј на град Кратово.

11. **Надморска височина**

641 м



На основа Законот за заштита на спомениците на културата и природните реткости (Службен весник на Н. Р. М. Бр. 1 од 15.IV. 948 г.) а во врска со чл. 2 и чл. 21 од Законот, на предлог на

Заводот за заштита на културно-историски споменици и природни реткости Скопје

Централниот завод за заштита на културните споменици и природните реткости во Н. Р. Македонија го донесува следното

Р Е Ш Е Н И Е:

Се поставува под заштита на Законот културно-историскиот споменик-природната реткост

Средновековна Саат кула

месност Кратово

сопственост на државата

состојба

Ова решение влегува во сила од денот кога е врачено на сопственикот.

Директор,





Сл. 2 и 3 Решение за прогласување на културно добро и извод од план

**12. Акт за заштита**

Решение за утврдување на својство на споменик на културата, бр.34 од 10.02.1953 година, во Централен регистер заведен под број 451. Во службен весник на РМ број 144 од 30.09.2014 година е донесен Закон за прогласување на Старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење. Златкова кула влегува во опфатот на оваа споменичка целина. Како дел од споменичка целина, со поткатегорија големо значење и за кулата е прифатен истиот режим за заштита на доброто и неговата контактна зона. Тој режим подразбира врз заштитеното недвижно добро, да се применува **прв степен**, што подразбира исклучување на дејства и активности со кои може да се наруши автентичноста и загрози интегритетот на овој архитектонски споменик. Режимот на заштита од прв степен предвидува минимални интервенции врз заштитното добро, сведени првенствено на редовно, тековно одржување и конзерваторски третман на постојните архитектонски елементи.

**13. Загрозеност**

На објектот не му прети опасност од никаква загрозеност. Со отварањето на музејската поставка, објектот редовно се одржува.

.





Сл.4 Фотографија од почетокот на XX века Сл.5 Пресек на Саат кула

**ОПИС НА ДОБРОТО**

БЕГОВСКА КУЛА или сега Саат кулата во Кратово е лоцирана во централното градско подрачје во непосредна близина на познатата Кратовска чаршија на десниот брег на Табачка река, и е средновековна одбранбено-станбена кула, изградена во времето на Константин Дејанов, односно во времето на големиот подем на рударството, кога приходите од искористувањето на рудата се рефлектирале и во доменот на архитектурата со градба на повеќе мостови, кули и богати куќи. Тој изградил повеќе кули и тоа во полукруг за одбрана, а денешниот изглед се должи на зафати извршени во XX век кога била адаптирана во Саат кула. Градена е по дијагонала на ориjентација североисток-југозапад, со ѕидови од делкан и приделкан камен во малтер, со добро обрабетни ќошиња и опшиви околу прозорците и вратите со монументален изглед како по комбинација од масата, така и по композиција на употребениот и вграден материјал. Фугите се рамни. Преставува градба изградена со П+3 катови, со основа скоро во правоаголна форма, и во целата своја височина има димензии 8,40 x 7,70 метри. Надворешната височина изнесува 19,30 метри мерена од источната долна улицата, 8,50 од југозападната страна и 8 метри од југоисточната. Инаку вкупната висина на Саат кулата, заедно со тамбурот и железниот шилец на него изнесува 24,7 метри мерено од најниската до највисоката точка на кулата. Дебелината на ѕидовите, изведени од полуделкан камен и малтер, се движи од 1,40 метри во приземјето до 0,95 метри на третиот (последен) кат. Просторната организација на кулата е на четири нивоа, меѓусебно поврзани со еднокраки скали. Меѓукатните конструкции во првиот и последниот кат се камени и засведени, а над приземјето и вториот кат се дрвени и рамни. Над прозорските отвори има полукружни шпицасти венци од обработен жолтеникав камен. Сите клинови на фасадите и вратите се градени од делкан камен и едноставен профилиран венец под стреата. Кровот е од камени плочи од кој излегувале два масивни оџака, а додека денес нема ниту еден. Кулата изворно имала два балкони на камени конзоли од кои денес е реконструиран само балконот на југоисточната фасада. Во внатрешноста на кулата има изградено отворени лачни огништа, лоцирани на првиот, вториот и третиот кат. Целокупниот природен материјал употребен за градење на кулата бил набавен од околината на градот. За градежен материјал биле користени цврстите микашисти во асоцијација со андензит, кои се многу погодни за градење. На крајот на XIX век со средување на политичките прилики во Турската имерија и давањето на повеќе слободи на граѓаните, одбранбените кули ги губат предностите и истите се напуштаат или пренаменуваат за други потреби. Една од битните потреби е огласувањето на времето за отпочнување со работа на чаршијата, при што се интензивира градбата на саат кули во повеќе градови во Македонија, а таму каде што постојат услови се адаптираат постојните кули, како што е случајот со кратовската саат кула. Кулата добива функција и изглед на саат кула кога во подоцна изграденото отворено дрвено куќиште било поставено ѕвоно, поврзано со саатниот механизам на последниот кат. Тој бил поставен во 1921 година и функционирал се до 1970 година, а го одржувал и навивал Ешаров Данке - Турчин, кој по професија бил поштар. Заради поставувањето на механизмот

пробиени се отвори на вториот и третиот кат за да можат да се поставаат клатната на часовникот и вгради часовничката камбана. Саатниот механизам е купен од Солун, со убаво ѕвоно со натпис кој гласел ,,vox mea inavribvs tvis * sonnet - гласот мој во ушите твои ѕвони“. Кулата има два влеза, главниот влез за приземјето е од југоисточната улична страна, а вториот влез за првиот кат, дополнително отворен е од северната страна од кај повисоката дворишна кота. Безбедноста била загарантирана со дебели ѕидови, тешка влезна врата изработена од трајно дабово дрво обложена со железен лим, добро анкерована во камена маса преку ковачки баглами, а од внатре во два реда заштитени со сурме. Прозорците имаат железни решетки изработени од ковано железо и анкерована во каменот ѕид.



Сл.6 Ешаров Данке со сопругата кој го одржувал часовникот во Саат кулата





Сл. 7  Дрвени жлебови            Сл.8 Оригиналната главна врата

Во поглед на просторната организација, на секое ниво на кулата се наоѓа по една просторија. Во просторијата во приземјето се влегува директно од улицата и е дополнителна отворена врата бидејќи нема камени ќошиња и со рамен надвратник и не е осветлена. Тука има две санитарии и со првиот кат е поврзана со внатрешни дрвени скали. Просторијата на првиот кат, кој воедно има и директна врска со улицата, не е доволно осветлена,  освен со еден процеп – пушкарница со димензии 55 см x 85 см, но затоа има огниште со димензии од висина 202 см, ширина 130 см и длабочина 65 см и две ниши за домашни потреби, со димензии 90 x 90 см. Вратата е со надвратник со благ лак, која е со димензии висина 210 см и ширина 125 см. Таа се затварала со попречна дебела греда која влегувала во дрвените жлебови на страничните ѕидови. Вратата се отварала на една страна вртејќи се околу железна оска зацврстена во самите ѕидови. На првиот кат преку средината на кулата има камен бачвест свод дебел 0,49 метри и висина 2,8 метри со кој е одделен првиот од вториот кат. При поставувањето на часовникот бил пробиен отвор за подигање на клатната на часовникот. На меѓуспратниот ѕид кај камените скали има пушкарница со димензии 30 x 50 см. Со вториот кат е поврзан преку 12 камени скали во ѕидот. На вториот кат просторијата е осветлена преку три прозорци со исти димензии од 113 см висина и ширина 85 см, има две врати за балкони (денес срушени), и едно огниште со димензии од висина 120 см и ширина 77 см, а во северозападното ќоше од просторијата постои изведено хигиено-клозетска ниша, со пушкарница 40 x 20 см.  За влез во вториот кат има врата која има димензии и тоа висина 180 см и ширина 75 см, а има и пушкарница во иста висина  на вратата со димензии 40 x 25 см. Кон третиот кат водат еднокраки дрвени скали. На третиот (последен) кат просторијата е многу осветлена и осончана, со вкупно седум прозорци кои имаат различни димензии од кои едниот прозор има димензии 100 см x 77 см, вториот 100 x 87 см, третиот 110 x 88 см,

четвртиот 115 x 85 см, петиот со димензии 98 см x 80 см, шестиот 100 на 88 см и седмиот и последен прозор со димензии 110 x 85 см. Има две врати за балкони. Југоисточната врата за балконот има висина 180 см и ширина 90 см, со полукружен надвратник низ кој се излегувало на дрвениот балкон. Дрвениот балконот е висок 120 см а широк 270 см. На дрвените конзоли биле прикачени железни макари за извлекување на предмети. Покрај тоа на двете страни од терасата постоеле посебни вдлабнатини за собира на течности. Конструкцијата била комбинирана од камени и дрвени греди во три реда поставени една над друг. Остатоците се и денес видливи. Балконот се користи за видиковец, од кој се гледа кратовската Ајдучка чаршија и поголем дел од градот. Вториот прозор за балконот кој не е реконструиран е со димензии 160 см x 90 см, се наоѓа на западната страна. Има едно огниште со димензии висина 240 см и ширина 85 см. Има и една ниша во која е изведена водоводна и одводна цевка во надворешната фасадна ѕидна ниша. Тука не наоѓа големо кубе од делкан камен. Висината од од подот до врвот на сводот изнесува 6,76 метри. На северозападната страна од ѕидот е направен вдолж ѕидот жлеб кој започнува од основата на третиот кат до земја. Тој служел за исфрлање на отпадни води. Просториите на вториот и третиот кат имале сликана декорација по ѕидовите со стилизирани ориентални орнаменти. Кровната конструкција на третиот кат е сводна, преминува во пресечен четвороводен кров покриен со камени плочи. Централниот дел е дрвен тамбур формиран од четири столба и дрвена ограда. Над столбовите се формира четвороводен кров од штици обложени со ламарина, со димензии основа 1,7 метри и висина 5,2 метри. Спојот на кровот и оградата е опшиен со бакарна ламарина. Оградата добива и окапница од ламарина. До самата кула во минатото имало убава градска чешма од која половина од градот се снабдувале со ладна изворска вода.





Сл.9 и 10 Механизмот на часовникот

## ПРЕТХОДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Врз Саат кулата во минатото било преземани повеќепати конзерваторски интервенции и тоа:

-1950 година – на јужната фасада, под самиот венец на покривот, на поголема површина е изведена ѕидарија различна од онаа на кулата. Тоа е резултат на извршените поправки од страна на Општинските власти. И покрај напорот не се најдени никакви документации од работите извршени во оваа година.

- 1968 година – извршени се конзервсторски работи на Саат кулата од страна на стручен тим од Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата – Скопје, по што е отворена изложбена поставка за Карпошевото востание која постоела до 1980 година. Изложбата е отворена по повод 300 години од Карпошевото востание. Самата изложба се состоела од 20 паноа со фотографии од развојот на Карпошевото востание. При конзерваторските работи е извршена консолидација на ѕидовите, преуредување на камените плочи на покривот и поставување на нова столарија. Средствата се обезбедени од Министерството за култура на СР Македонија.

- 1997 година – заштитни интервенции – чистење фуги и фугирање на дел од источниот ѕид, изработен канал за одвод на атмосферска вода. При што се трга постојаната поставка за Карпошевото востание, која се пренесува во новоизградениот Дом на културата „Лазар Софијанов“ и формирањето на музејската поставка на катот од домот, а кулата наполно се напушта, при што служела како плевна за чување на слама, потоа како магацин за пијалоци и текстил и друго.



Врз основа на член 20 став 1 и 27-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр.8/05 и 150/07) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 28.10.2008 година, донесе

ОДЛУКА

**за давање на користење на недвижни ствари на Општинската установа „Музеј на град Кратово" од Кратово**

**Член 1**

Со оваа одлука на Општинската установа „Музеј на град Кратово" од Кратово , се даваат на користење недвижните ствари:

-Кула Симиќева на ул.„Трајче Арсов" – Кратово со површина од 105 м² евидентирана во Катастарска парцела 700 за Катастарска општина Кратово, запишана во Имотен лист бр.2831, сопственост на Република Македонија и

-Саат – Асад кула на ул.„Браќа Миладиновци" – Кратово со површина од 135 м² евидентирана во Катастарска парцела 630 за Катастарска општина Кратово, запишана во Имотен лист бр.3794, сопственост на Република Македонија.

**Член 2**

Недвижните ствари од член 1 на оваа одлука, се даваат на времено користење за време од 10 години, без надоместок, на Општинската установа „Музеј на град Кратово" од Кратово.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Бр.19-6269/1**
**28 октомври 2008 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинска установа
МУЗЕЈ НА ГРАД КРАТОВО
КРАТОВО

05-11-2008 г.
03 165/2



Сл.11 Одлука на Влада на РМ

Сл.12 Рударски алатки во Саат кулата

- 2005 година – извршени се конзерваторски-реставраторски работи, и тоа: реконструкција на кровната конструкција со надградениот дел од куќиштето, балконот на југоисточната фасада, стабилизација на ѕидовите (инектирање, поставување затеги), дрвени подови и скали. Во објектот се изградени нови санитарии и поставени нови инсталации за водовод и канализација, електрика, ПП заштита и аларм. Средствата се обезбедени од грант на Светска банка преку Единицата за координација на проектот: Развој на општините и културата во висина од 100.000 долари.

 

Сл.13 и 14 Дрвени и камени скали во Саат кулата



Сл.15 Сегашниот ентериериер на Саат кулата на третиот кат

## ПРЕЗЕНТИРАНОСТ И ПОПУЛАРИЗИРАНОСТ

Во Саат кулата е поставена постојана историска поставка ,,Кратово низ вековите“ од авторите проф. д-р Зоран Тодоровски поранешен директор на Државниот архив на Македонија, и м-р Мирјана Нинчовска вравотена во Музеј на Македонија. Во изложбената поставка се презентирани најзначајните дела од материјалната култура создадени и што се наоѓаат на подрачјето на Кратово и Кратовско, како и најважните историски настани, процеси и личности од историјата на овој град – музеј. Постојаната изложбена поставка е концепирана на две главни тематски целини: Кратово и Кратовско од најстарите времиња до крајот на XIX век и Кратовоско од крајот на XIX век до втората светска војна. Во приземјето е сместена неолитска поставка со неолитска печка и ќуп. Додека на првиот и вториот кат се сместени 25 паноа со историјата на Кратово. Изложбата беше отворена на 25.06.2007 година од страна на Претседателот на Собранието на Република Македонија г-ин Љубиша Георгиевски.





Сл. 16 Постојана историска изложба во Саат кулата во Кратово

Б И Б Л И О Г Р А Ф И Ј А

## 1. Литература


- Археолошка карта на Македонија, том 2, Скопје, 1996
- Волињец Р., Стари чешми во Македонија, Зборник 1, Архитектонски факултет, Скопје, 1977
- Герасимовска-Матеска С., Архитектонско-урбанистичка структура на Ајдучката чаршија во Кратово – нејзиниор развој и карактеристики, Музејски гласник 2, Музеј на град Кратово, Кратово, 2005
- Грабријан Д., Македонска куќа, Скопје, 1986
- Дедијер Ј., Нова Србија, Београд, 1913
- Иванов Й., Български старини из Македония, София, 1970
- Иванов Й., Съверна Македония, исторически издирваня, София, 1906
- Катиќ С., Ковачницата на монети во Кратово за време на владеењето на султанот Сулекман I величенствениот, Гласник, Историски институт, Белград, 2010
- Катанић Н., Гојковић М., Грађа за проучавање старих камених мостова и акведуката у Србији, Македонији и Црној Гори, Београд 1961
- Костич К. Наши градови на југу Београд 1922
- Коцевски С., Кратово древен град, Скопје, 2005
- Македонија во делата на странските патеписци 1827-1849, Скопје, 1992
- Петров Ѓ., Материали по изучване на Македония, Сифия, 1896
- Симић С., Кратовске богомоље, Скопје, 1960
- Симић С., Историја Кратовск области, Годишњица Николе Чупича, књ. XXXIII, Београд, 1914
- Симић С., Извештај о проучавању јужне Србија на терену, Кратовске куле, Glasnik skopskog naučnog društva, XXI, Skopje, 1940
- Соколовски М., Прилог кон проучувањето на турско-османлискиот феудален систем, со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век, Гласник на ИНИ II/1, Скопје, 1958
- Стојановски А., Ерен И., Кратовската нахија во XVI век, ГИНИ, XV/1, Скопје, 1971
- Стојановски А., Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, Skopje, 1981
- Томовски К., Волињец Р., Токарев М., Алексиевска Хаџиева Ј., Кратово, стара архитектонско урбанистичка содржина, 1980
- Томовски К., Мајстор Андреја Дамјанов (1813-1978), Посебно издание на Годишниот зборник на Архитектонско-градежниот факултет и Институтот за народна архитектура, Скопје, 1966
- Тонев Л., Кули и камбанарии в Блгари со ослобождението, Софи, 1952
- Трифуноски Ј., Македонска градска насеља, Београд, 1947
- Celebija E, Putopis II, Sarajevo, 1957
- Чипан Б., Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива, Скопје, 1978

- Шериф А., Димитријевски М., Кратовската монетоковачница во османлискиот период, Кратово,  2007

2. **Документарен материјал**

- Кратово – валоризација, ревитализација и мерки на заштита, Скопје, РЗЗСК, 1979 (тех.бр. 4096).
- Заштитно-конзерваторски основи за културно наследство – Основи за подрачје на опфат на ДУП за дел од УЕ2 УБ6 Кратово, бр. 07-269/4 од 01.10. 2007 година.
- ЗКО за НКН за ДУП за дел од УБ5 и УБ 7 Кратово, бр. 07-204/5 од 06.05. 2010 година
- ГУП за град Кратово 2002-2012 – Предлог план, 2001 (техн. Бр. 19/00/2)